Комисија за спречување и заштита
од дискриминација
Бр. 0801-18/4
15.07 202 1 год.
СКОПЈЕ

Постапувајќи по претставката бр. 0801-18 од 17.02.2020 година, поднесена од [redacted] од [redacted], преку овластеното лице [redacted] против Јавното сообраќајно претпријатие (ЈСП) Скопје, за извршена директна дискриминација врз основа на етничка припадност и боја на кожа, согласно член 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр.258/2020 од 30.10.2020 година), на 13.07.2021 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА директна дискриминација** врз основа на етничка припадност и боја на кожа извршена од страна на Јавното сообраќајно претпријатие (ЈСП) Скопје.

## Образложение

Во претставката подносителот наведува дека на [redacted]2020 година [redacted] и неговата мајка биле навредувани, малтретирани и нападнати од страна на контролорите на автобусот со број 45 кој се обраќал од Маџари до Автокоманда. И покрај тоа што [redacted] имал годишен билет тој и неговата мајка биле навредувани врз основа на нивната етничка припадност и боја на кожа и биле избркани од автобусот.

До Јавното сообраќајно претпријатие (ЈСП) Скопје на 21.05.2021 беше испратено барање за изјаснување заведено под архивски број 08-18/2 и ургенција за одговор по барањето за изјаснување заведено под архивски број 0801-18/3, по што од страна на ЈСП Скопје немаме добиено повратен одговор.

Поради тие причини, тргнувајќи од меѓународните правни акти вклучувајќи ги Универзалната декларација за човекови права, Европската конвенција за човекови права, Меѓународната повелба за граѓански и политички права како и Конвенцијата за елиминација на сите форми на расна дискриминација на Обединетите нации, акти кои се ратификувани и правно обврзувачки за Република Северна Македонија, продолжувајќи со Уставот на Република Северна Македонија и Законот за спречување и заштита од дискриминација член 8, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација **утврдува директна дискриминација** и ја дава следната препорака

## ПРЕПОРАКА

Се препорачува Јавното сообраќајно претпријатие (ЈСП) Скопје во иднина да обезбеди непречен и еднаков пристап до добрата и услугите на сите граѓаните на Република Северна Македонија без разлика на нивната етничка и расна припадност. Дополнителни му се препорачува на ЈСП Скопје да спроведе обука за подигање на свеста и сензибилизација на своите вработени за работа со маргинализирани категории на граѓани, вклучително по сите основи за дискриминација кои се спомнати во Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисијата согласно со своите законски надлежности го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација, сѐ до нивното исполнување. Доколку субјектот кон кој е упатена Препораката не постапи по истата, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација • Скопје

Пратено до:

- ЈСП Скопје, ул. Александар Македонски бр. 1, 1000 Скопје
- [redacted]